CIVICA MOBILITAS

2018

# ДОВЕРБА ВО ЛУЃЕТО, ИНСТИТУЦИИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Schweizerische Eidgenossenschaft
Confédération suisse
Confederazione Svizzera
Confederaziun svizra

**Swiss Agency for Development and Cooperation SDC**

**ДОВЕРБАТА ВО ЛУЃЕТО, ИНСТИТУЦИИТЕ И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО 2018**


**Издавач:**

Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**

Александар Кржаловски, прв извршен директор, МЦМС

Гонце Јаковлеска, извршен директор, МЦМС



**Авторка:**

Симона Огненовска, МЦМС



**ИСБН:**

978-608-4848-50-9



**Контакт МЦМС**

Адреса: МЦМС, ул. „Никола Парапунов“ бр. 41А,
п. фах 5.5., 1060 Скопје
Телефон: +389/2/3065-381;
Факс: +389/2/3065-298

Е-пошта: mcms@mcms.mk
Веб-страница: www.mcms.mk
Scribd: https://www.scribd.com/mcms.mk
Slideshare: https://www.slideshare.net/mcms.mk
Twitter: https://twitter.com/mcms.mk
Facebook: www.facebook.com/mcms.mk



Мислењата што се изразени овде му припаѓаат на авторот и не ги одразуваат ставовите на Македонскиот центар за меѓународна соработка. Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од овоаа публикација може да се изврши само во следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и во услови изложени во продолжение. Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирањето во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот. Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk. Овој документ е подготвен во рамки на Цивика мобилитас, проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ), кој го спроведува НИРАС, МЦМС и СИПУ. Мислењата кои се овде изразени не нужно ги одразуваат ставовите на Цивика мобилитас, СДЦ или пак спроведувачките организации. Содржината на оваа публикација е единствено одговорност на авторот.

# Содржина


Вовед ..... 3

1. За истражувањето ..... 4

1.1. Методологија ..... 4

1.1.1. Популација и примерок ..... 4

1.1.2. Прашалник ..... 4

1.1.3. Обработка, прикажување и анализа на податоците ..... 4

1.1.4. Ограничувања на истражувањето ..... 5

Индекси ..... 6

2. Анализа на наодите од истражувањето ..... 7

2.1. Општествена доверба ..... 7

2.1.1. Општа доверба ..... 7

2.1.2. Доверба во институциите ..... 8

2.1.3 Доверба во граѓанското општество ..... 12

Заклучоци ..... 23

Доверба во луѓе и институции ..... 23

Доверба во граѓанско општество ..... 23

Прилози ..... 25

Прилог 1 – Прашалник ..... 25

Прилог 2 – Карактеристики на примерок ..... 31

Профил на МЦМС ..... 33

Продолжи со читање ..... 33

# Вовед

Македонскиот центар за меѓународна соработка, почнувајќи од 2006 година ги истражува трендовите на доверба во Македонија. Причините за отпочнување на долгогодишниот процес на согледување и анализа на довербата се темелат на тезата на МЦМС дека граѓанските организации ги застапуваат интересите на граѓаните, и таквиот однос треба да се заснова на доверба. Следствено, се смета дека довербата на граѓаните ќе им овозможи на граѓанските организации поголемо влијание на јавните политики и поголем легитимитет во застапување на интересите. Сепак, доколку довербата е на незадоволително ниво, се очекува отежнато поттикнувањето на граѓански ангажман, како и прибирањето на средства за обезбедување одржливост.

Концептот на доверба во анализата е разбран како клучна елемент на социјалниот капитал. Според истражувањето, општо земено, може да се идентификуваат три главни типа доверба. Првата е социјална доверба во сличните, партикуларизирана доверба или персонализирана доверба. Ова е доверба внатре, во заснованите релации или социјални мрежи (семејство, пријатели, соседи итн.). Втората, општата доверба или социјалната доверба, вклучува доверба во непознати. Третата доверба е институционалната доверба, која се однесува на доверба во формалните институции на владеење и на општеството.

Анализата ги разгледуваат трите аспекти на општествена доверба и тоа општа доверба во луѓето, доверба во институциите и доверба во граѓанското општество. Во овој извештај се анализирани наодите од анкетата „*Довербата во луѓето, институциите и во граѓанското општество - 2018*“, која беше спроведена по осми пат на национален репрезентативен примерок на граѓаните на Република Македонија.

Извештајот е подготвен во рамките на проектот за поддршка на граѓанското општество „Цивика мобилитас“ на Швајцарската агенција за развој и соработка (СДЦ) од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС). Анкетата е спроведена од страна на истражувачката агенција М-проспект, кои беа задолжени за теренското спроведување на истражувањето.

# 1. За истражувањето

## 1.1. Методологија

### *1.1.1. Популација и примерок*

Истражувањето е спроведено со теренска анкета – интервјуа „лице в лице“ на повеќеслоен стратификуван примерок од 1.000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, етничка припадност, возраст, место на живеење и региони. Истражувањето е спроведено во март 2018 година.

Во примерокот од 1000 испитаници 50,2% се жени, а 49,8% мажи. Во однос на етничката застапеност 71,3% се Македонци, 22,2% Албанци, а другите етнички заедници се застапени со 6,5%. Во однос на местото на живеење, 39% од испитаниците живеат во село, 38% во град, а 23% во Скопје.

### *1.1.2. Прашалник*

Прашалникот кој беше предмет на анализа содржи вкупно 47 отворени и затворени прашања (Прилог 1). Прашалникот е поделен во повеќе тематски области, за да се согледа општествената доверба:

- » Општа доверба во луѓето;
- » Доверба во различни сектори;
- » Доверба во државни институции и организации;
- » Доверба во поединечни институции од меѓународната заедница;
- » Доверба во граѓанското општество;
- » Познавање и ставови за граѓанските организации во Македонија;
- » Социодемографски карактеристики.

### *1.1.3. Обработка, прикажување и анализа на податоците*

Собраните податоци се обработени со честота и пропорција на одговорите. Резултатите се прикажани во графикони на ниво на целиот примерок, освен за прашањата каде не се прашани сите учесници во анкетата и тоа е нагласено во соодветните делови на извештајот. Освен со графикони, дел од податоците се прикажани и во табели.

Добиените податоци се анализирани со дескриптивни методи на статистичка обработка на податоци. Сите резултати се подложни на статистичка грешка од 3,1% со прифатливо ниво на доверба од 95%. Анализата на разлики во одговорите не се пресметувани со методи на инференцијална статистика, од каде заклучоците за потенцијални разлики врз основа на демографски карактеристики не се тестирани со статистички тестови за разлики во групи.

Со цел анализа на трендот на довербата, како и споредба на резултатите со претходно спроведените истражувања, развиени се индекси (показатели) на доверба кои се добиваат како резултат од сумата на добиените проценти од фрекфенциите за тврдењата „целосна доверба“ и „делумна доверба“. При анализа на трендот на промените во довербата се користат долунаведените термини и симболи.

*Табела I - Легендата на симболи*

| | | |
|---|---|---|
| ↔ | без или незначителни промени | Без или незначителни промени = 0–3 процентни поени<br>Мали = 3,01–5 процентни поени<br>Умерени = 5,01–10 процентни поени<br>Големи = над 10 процентни поени |
| ↑ | мало зголемување | |
| ↓ | мало опаѓање | |
| ↑↑ | умерено зголемување | |
| ↓↓ | умерено опаѓање | |
| ↑↑↑ | големо зголемување | |
| ↓↓↓ | големо опаѓање | |

Споредбите во анализата на податоците во делот *2. Анализа на наоди од истражувањето*, се правени со податоците добиени од последните два циклуси на истражување, т.е во 2016 и 2015 година.

Квалификацијата незначително малцинство се употребува за одговори помалку од 10% од примерокот, мало малцинство за 11% до 30%, малцинство за 30% до 50%, мнозинство за 51% до 70% и големо мнозинство за повеќе од 70%.

Во извештајот не се коментирани социодемографските анализи за помалобројните етнички заедници и политичките партии со помалку симпатизери поради нивното мало учество во националниот примерок. Во табелите и графиконите, со термините етнички Македонци, етнички Албанци итн. е означена етничката припадност на испитаниците. Со имињата на политичките партии се означени граѓаните симпатизери (не членови или гласачи) на соодветната политичка партија.

Со цел подлабински да навлеземе во врските на различни варијабли, анализата вклучи и вкрсутвање на прашањата со демографските карактеристики на испитаниците и тоа: пол, возраст, етничка припадност, религиска припадност, работен статус, класи, завршено образование, месечни приходи, политичка ориентација, симпатизерство на политички партии, членство во граѓанска организација, место на живеење, плански регион и општина. Во анализата се разгледуваат оние демографски карактеристики кои имаат значителни статистички разлики.

Со цел поедноставено прикажување на резултатите, во извештајот во одредени табели и графикони не се прикажани резултатите за „не знам“ и „без одговор“, поради што збирот на сите одговори не е 100 %.

### 1.1.4. Ограничувања на истражувањето

Примерокот за истражувањето е стандарден, но се базира на податоци од пописот од 2002 година, кои можеби се застарени и не ја одразуваат целосно реалната ситуација на теренот, иако се модифицирани според периодичната процена на Државниот завод за статистика од 2017 година.

# Индекси

| Општа доверба | 2018 | 2018-2016 | | 2016 | 2016- 2015 | | 2015 | 2015 - 2013 | | 2013 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Луѓе | 53,8 | ↔ | 0,8 | 53,0 | ↔ | 0,2 | 52,8 | ↓ | -3,2 | 56,0 |
| Соседи | 70,1 | ↑↑ | 8,8 | 61,3 | ↓↓↓ | -12,0 | 73,3 | ↑↑ | 5,3 | 68,0 |
| Колеги | 46,2 | ↓ | -3 | 49,2 | ↔ | -1,5 | 50,7 | ↔ | -0,9 | 51,6 |
| Сонародници | 46,1 | ↑↑ | 5,2 | 40,9 | ↓↓ | -6,6 | 47,5 | ↔ | 0,2 | 47,3 |
| Непознати | 16,2 | ↓ | -3,7 | 19,9 | ↓ | -4,9 | 24,8 | ↑↑ | 6,5 | 18,3 |
| **Доверба во институциите** | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016 - 2015** | | **2015** | **2015 - 2013** | | **2013** |
| Држава (јавен сектор) | 46,6 | ↔ | 1,2 | 45,4 | ↔ | 1,9 | 43,5 | ↓ | -4,0 | 47,5 |
| Деловен (приватен бизнис) сектор | 45,6 | ↓↓ | -6,1 | 51,7 | ↑↑ | 5,2 | 46,5 | ↔ | -1,2 | 47,7 |
| Граѓански (невладин) сектор | 43,3 | ↓ | -5 | 48,3 | ↔ | 1,0 | 47,3 | ↓↓ | -6,9 | 54,2 |
| Политички партии | 22,8 | ↓↓ | -8,5 | 31,3 | ↓ | -4,1 | 35,4 | ↑↑ | 7,5 | 27,9 |
| Медиуми | 41,1 | ↑↑ | 5,4 | 35,7 | ↓↓ | -5,3 | 41,0 | ↑ | 3,6 | 37,4 |
| Меѓународна заедница | 35,1 | ↓ | -4,4 | 39,5 | ↓↓ | -5,8 | 45,3 | ↔ | 1,8 | 43,5 |
| Банки и финасиски институции | 47,9 | ↔ | -2,6 | 50,5 | ↓↓ | -6,1 | 56,6 | ↔ | 0,3 | 56,3 |
| Индекс на доверба во институциите | 40,3 | ↔ | -2,9 | 43,2 | ↔ | -1,9 | 45,1 | ↔ | 0,2 | 44,9 |
| **Доверба во државниот сектор** | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016 - 2015** | | **2015** | **2015 - 2013** | | **2013** |
| Претседател на Република Македонија | 48,4 | ↔ | 0,4 | 48,0 | ↔ | 1,1 | 46,9 | ↓↓ | -9,9 | 56,8 |
| Собрание на Република Македонија | 33,1 | ↓↓ | -5,4 | 38,5 | ↔ | 0,5 | 38,0 | ↓ | -3,9 | 41,9 |
| Влада на Република Македонија | 38,3 | ↔ | -0,9 | 39,2 | ↔ | 0,7 | 38,5 | ↓ | -4,0 | 42,5 |
| Локална самоуправа | 41,7 | ↔ | 2,6 | 39,1 | ↓ | -5,1 | 44,2 | ↓↓ | -6,2 | 50,4 |
| Правосудство на Република Македонија (Судови) | 24,2 | ↓↓ | -9,1 | 33,3 | ↑ | 4,4 | 28,9 | ↓↓↓ | -12,6 | 41,5 |
| Јавно обвинителство | 25,5 | ↓↓ | -6,1 | 31,6 | ↔ | 1,2 | 30,4 | - | - | - |
| Армија на Република Македонија | 60,7 | ↔ | -2,7 | 63,4 | ↔ | -1,2 | 64,6 | ↔ | -0,2 | 64,8 |
| Полиција на Република Македонија | 56,1 | ↓ | -4,1 | 60,2 | ↑ | 3,6 | 56,6 | ↓↓ | -8,7 | 65,3 |
| Државна комисија за спречување на корупција | 16,4 | ↓↓↓ | -11,4 | 27,8 | ↔ | -1,9 | 29,7 | - | - | - |
| Управа за безбедност и контраразузнавање | - | - | - | - | - | - | 28,8 | - | - | - |
| Специјално јавно обвинителство | 42,9 | ↔ | 0,6 | 42,3 | - | - | - | - | - | - |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | 30,3 | ↔ | 1,3 | 29,0 | - | - | - | - | - | - |
| Државна изборна комисија | 27,4 | ↓↓↓ | -14,9 | 42,3 | - | - | - | - | - | - |
| Индекс на доверба во институциите | 37,1 | ↓ | -4,1 | 41,2 | ↓ | -4,6 | 45,8 | ↓↓↓ | -10,2 | 56,0 |
| **Доверба во граѓанскиот сектор** | **2018** | **2018- 2016** | | **2016** | **2016 - 2015** | | **2015** | **2015 - 2013** | | **2013** |
| Граѓански организации (здруженија, фондации) | 43,0 | ↔ | 1,7 | 41,3 | ↓↓ | -9,2 | 50,5 | ↓↓ | -8,8 | 59,3 |
| Цркви и верски заедници | 51,2 | ↓↓ | -8,3 | 59,5 | ↔ | 1,6 | 57,9 | ↓↓ | -9,0 | 66,9 |
| Синдикати | 21,9 | ↓↓ | -7,1 | 29,0 | ↓↓ | -6,3 | 35,3 | ↔ | -0,6 | 35,9 |
| Стопански комори | 25,8 | ↓↓ | -5,2 | 31,0 | ↓ | -4,9 | 35,9 | ↔ | -0,9 | 36,8 |
| Организации на работодавачи | 25,3 | ↓ | -4,3 | 29,6 | ↓↓ | -6,9 | 36,5 | ↔ | 0,9 | 35,6 |
| Неформални групи граѓани | 40,2 | ↑↑ | 7,2 | 33,0 | ↓↓ | -7,6 | 40,6 | - | - | - |
| Индекс на доверба во граѓански сектор | 34,5 | ↔ | -2,7 | 37,2 | ↓↓ | -5,6 | 42,8 | ↓ | -4,1 | 46,9 |
| **Доверба во меѓународната заедница** | **2018** | **2018-2016** | | **2016** | **2016 - 2015** | | **2015** | **2015 - 2013** | | **2013** |
| Европска Унија | 54,4 | ↔ | 1,8 | 52,6 | ↓↓ | -7,8 | 60,4 | ↑ | 4,6 | 55,8 |
| Обединети нации | 55,3 | ↔ | -1,3 | 56,6 | ↓↓ | -9,2 | 65,8 | ↑↑ | 7,0 | 58,8 |
| НАТО | 50,0 | ↔ | -1,9 | 51,9 | ↓↓↓ | -12,1 | 64,0 | ↑↑ | 7,7 | 56,3 |
| ОБСЕ | 50,3 | ↔ | 1,3 | 49,0 | ↓↓ | -8,6 | 57,6 | - | - | - |
| Индекс на доверба во меѓународна заедница | 52,5 | ↔ | 0 | 52,5 | ↓↓ | -8,0 | 60,5 | | 3,6 | 57,0 |

# 2. Анализа на наодите од истражувањето

## 2.1. Општествена доверба

Општествената доверба се согледува преку општата доверба во луѓето, институцииите во поширока смисла на зборот (вклучително и различни државни институции) и довербата во граѓанското општество. Во поглед на општата доверба во луѓето и довербата во други лица, и довербата во различните институции споредено со резултатите од последните две анализи на доверба, промените се незначителни. Негативниот тренд на мало опаѓање на индексот на доверба во државните институции, продолжи и во 2018 година. Трендот на умереното опаѓање на довербата во граѓанското општество во претходната анализа, беше запрен, со незначителни промени во 2018 г, наспроти 2016 г.

### *2.1.1. Општа доверба*

Општата доверба во луѓето е мнозинска (53,8%). Големо мнозинство од луѓето веруваат и во соседите (70,1%), а скоро мнозинска е и довербата во колегите на работа (46,2%) и во сограѓаните (46,1%). Очекувано, кон непознатите лица (туѓинците), големо мнозинство од луѓето имаат недоверба (81,7%). Низ годините општата доверба во луѓето бележи незначителни промени Индекси). Умерено зголемување бележи довербата кон соседите и сонародниците. Зголемувањето е особено важно имајќи го предвид големиот пад на довербата во соседите, како и умерениот пад на довербата во сонародниците во 2016 година. Довербата кон соседите се зголемила од 61,3% во 2016 г. на 70,1% во 2018 г. и е највисока, додека довербата во сонародниците пораснала од 40,9% во 2016 на 46,1% во 2018. Умерен пад бележи довербата кон колеги и непознати.

*График 1 - Хоризонтална општествена доверба*




Сепак, доколку се анализира довербата од аспект на внимателност кон другите, големо мнозинство (77,8 %) сметаат дека треба да се биде многу внимателен со повеќето од луѓето. Ова е големо зголемување наспроти 2016 година, кога

внимателност изразиле (66,8 %). Мало малцинство (19,6 %) веруваат на повеќето од луѓето.

*График 2 – Општа доверба во луѓето*




## 2.1.2. Доверба во институциите

Довербата во различните институции не е мнозинска и се движи од 41,1% во медиуми до 47,9% во банките и финансиските институции. Од овој интервал на уживање на доверба на различните институции со разлика до 10 процентни поени, отскокнуваат политичките партии со само 22,8% доверба и меѓународната заедница со 35,1%. Најголема доверба во 2018 г., слично на изминатите години уживаат банките и финансиските институции, потоа јавниот сектор, како и деловниот сектор и покрај умерениот пад од 2016 г. Освен деловниот сектор, умерено опаѓање бележи и довербата на граѓаните во политичките партии и тие се наоѓаат на дното на општествената доверба споредено со останатите институции. Единствено, медиумите бележат умерен раст на довербата. Граѓанскиот сектор и меѓународната заедница, пак бележат мало опаѓање. Индексот на доверба во институциите останува со незначителни промени.

*График 3 – Доверба во институциите*



Постојат значителни разлики кај етничките Македонци и етничките Албанци во поглед на довербата во јавниот (државата) сектор, банките и финансиските институции и граѓанското општество во широка смисла на зборот. Етничките Македонци имаат мнозинска доверба во државата (50,2%) и банките и финансиските институции (52,7%) и е значително поголема од довербата на етничките Албанци за првата институција (36,9%) и втората (36,5%). Дополнително постои значителна разлика во довербата во широко дефинираното граѓанско општество, во кое повеќе веруваат етничките Македонци (46,3%), наспроти етничките Албанци (37,8%). Двата етникуми немаат значителни разлики кога станува збор за довербата во политичките партии, меѓународната заедница, медиумите.

Се појавуваат и значителни разлики во довербата во различните институции меѓу симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ. Симпатизерите на СДСМ имаат повеќе доверба во државата наспроти симпатизертие на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ се издвојуваат со најниска доверба во меѓународната заедница и приватниот сектор, наспроти симпатизерите на другите две политички партии и највисока доверба во медиумите, особено споредено со ДУИ. Симпатизерите на ДУИ најмалку им веруваат на банките и финансиските институции споредено со симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ.

*Табела 1. Доверба во институциите кај етничките Македонци и кај етничките Албанци и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

| Година | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДМПНЕ | СДСМ | ДУИ | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Држава** | 50,2 | 36,9 | 47,4 | 55,4 | 47,2 | 46,6 |
| **Приватен сектор** | 45,4 | 49,1 | 39,3 | 47,7 | 50 | 45,6 |
| **Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви)** | 46,3 | 37,8 | 43,9 | 47,2 | 45,8 | 43,3 |
| **Политички партии** | 23,4 | 23 | 31,8 | 30,8 | 31,9 | 22,8 |
| **Медиуми** | 42,8 | 41 | 46,2 | 43,1 | 38,9 | 41,1 |
| **Меѓународна заедница** | 34,6 | 39,2 | 28,9 | 40 | 52,8 | 35,1 |
| **Банки и фин. Институции** | 52,7 | 36,5 | 52,6 | 54,4 | 37,5 | 47,9 |

### *2.1.2.1 Доверба во државните институции*

Државни институции кои уживаат мнозинска и најголема доверба од граѓаните се Армијата на Р. Македонија (60,7%), како и полицијата на Р. Македонија (56,1%), и покрај умерениот пад наспроти 2016. Најмалку доверба пак уживаат, со тренд на големо опаѓање од 2016 година, Државна комисија за спречување на корупција (16,4 %) и Правосудство на Република Македонија (судови) (24, 2 %).

Споредено со 2016 година, во 2018 година не се забележува зголемување на довербата во ниту една од институциите на државниот сектор. Големо опаѓање има довербата во Државна изборна комисија и Државна комисија за спречување на корупција, додека пак умерено опаѓање бележат правосудството на Република Македонија (судовите), потоа Јавното обвинителство и Собранието на Република Македонија.

*График 4 – Доверба во државниот сектор*




Во поглед на довербата на граѓаните во различни државни институции, значителни разлики се јавуваат меѓу етничките Македонци и етничките Албанци и тоа кај: претседателот, армијата, полицијата, т.е. поголема е довербата за овие институции кај етничките Македонци. Иако со незначителна разлика во процентот на доверба, кај етничките Албанци поголема е довербата во судовите, ДКСК и СЈО.

Симпатизерите на различни политички партии се разликуваат во нивото на доверба кое го имаат кон различните институции. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ најмногу веруваат во претседателот и армијата и мнозински веруваат во полицијата. Симпатизерите на СДСМ пак најмногу веруваат во Влада на РМ, АРМ, полицијата и СЈО. Симпатизерите на ДУИ пак најмногу и мнозински веруваат во ЕЛС и СЈО. ДУИ наспроти симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ имаат повисока доверба во Јавното обвинителство, судовите, ДКСК; СЈО и ДИК. Највисоката регистрирана доверба (85,5%) е кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во претседателот, додека најниската е 14,5%, повторно кај ВМРО-ДПМНЕ во СЈО.

*Табела 2. Доверба во државните институции кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО, СДСМ и ДУИ (%)*

| Државни институци | Етн.Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Претседател на РМ** | 59,7 | 16,2 | 85,5 | 34,9 | 20,8 | 48,1 |
| **Собрание на РМ** | 33,5 | 31,5 | 24,9 | 43,1 | 41,7 | 33,1 |
| **Влада на РМ** | 40 | 33,3 | 23,7 | 61,5 | 40,3 | 38,3 |
| **Единици на локална самоуправа (општини)** | 43,6 | 37,4 | 33,5 | 46,7 | 51,4 | 41,7 |
| **Јавно обвинителство на РМ** | 25,7 | 25,7 | 27,7 | 24,6 | 38,9 | 25,5 |
| **Судови** | 23,8 | 26,1 | 21,4 | 25,1 | 26,4 | 24,2 |
| **Армија на Република Македонија** | 67,9 | 40,5 | 66,5 | 70,8 | 45,8 | 60,7 |
| **Полиција** | 59,6 | 45 | 50,9 | 62,1 | 45,8 | 56,1 |
| **Државна комисија за спречување на корупцијата** | 15,1 | 19,4 | 14,5 | 16,4 | 29,2 | 16,4 |
| **Специјално јавно обвинителство** | 40,8 | 48,6 | 17,9 | 62,6 | 63,9 | 42,9 |
| **Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Совет за радиодифузија)** | 32,3 | 27,5 | 28,3 | 43,6 | 33,3 | 30,3 |
| **Државна изборна комисија** | 27,3 | 27,5 | 31,2 | 28,7 | 37,5 | 27,4 |

### *2.1.2.2. Доверба во меѓународната заедница*

Довербата во меѓународната заедница во 2018 година се задржа без промени. Имено, меѓународните институции кои го формираат овој индекс на доверба забележаа незначителни промени во довербата. Трендот на умерено опаѓање кој знапочна во 2015 година, сега е запрен. Незначителни опаѓања се забележани кај НАТО и Обединетите нации, додека незначителен раст бележат Европската Унија и ОБСЕ. Споредено со граѓанскиот, државниот и приватниот сектор сепак меѓународната заедница ужива повисок степен на доверба.

*График 5 – Доверба во меѓународната заедница*



Во поглед на довербата во чинителите на меѓународната заедница постојат разлики меѓу етничките Македонци и етничките Албанци. Имено, етничките Албанци имаат значително повеќе доверба во сите чинители на меѓународнта заедница. Во поглед на разликите пак, меѓу симпатизерите на главните политичките партии, најниска е довербата на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ во меѓународната заедница, додека највисока е довербата кај симпатизерите на ДУИ. Симпатизерите на СДСМ исто така имаат значително повисока доверба и мнозинска во сите чинители на меѓународната заедница, наспроти симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ. Симпатизерите на ДУИ повеќе се издвојуваат по однос на довербата во НАТО.

*Табела 3. Доверба во чинителите на меѓународната заедница кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО, СДСМ и ДУИ (%)*

| Меѓународна заедница | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Европска Унија** | 48,7 | 70,7 | 31,2 | 66,2 | 68,1 | 54,4 |
| **Обединети нации** | 52,6 | 64,4 | 45,7 | 64,1 | 72,2 | 55,3 |
| **НАТО** | 45,3 | 64,9 | 35,8 | 56,4 | 72,2 | 50 |
| **ОБСЕ** | 46,1 | 64 | 32,9 | 59,5 | 66,7 | 50,3 |

## *2.1.3 Доверба во граѓанското општество[1]*

*Вовед*

Трендот на умерен пад на довербата на граѓаните во граѓанското општество кој започна во 2015 година, стагнираше, и во 2018 г. бележи незначително опаѓање од 2,7 процентни поени. Споредбено со останатите сектори (државен и приватен сектор), граѓанскиот сектор има незначително пониска доверба. Дополнително, споредбено со останатите години почнувајќи од 2006 година, довербата во граѓанскиот сектор во 2018 г. е најниска досега (43,3).

### *2.1.3.1 Доверба во чинителите на граѓанското општество*

Според истражувањето, клучни чинители на граѓанското општество се граѓанските организации, црквите и верските заедници, синдикатите, стопанските комори, организациите на работодавачи и неформалните групи. Мнозинска доверба имаат единствено црквите и верските заедници (51,2%). По нив следат здруженијата и фондациите (43%), и неформалните групи граѓани (40,2%). Најниска доверба, пак граѓаните имаат во синдикатите (21,9%). Од сите чинители кои се дел од истражувањето во 2018 година, единствено неформалните групи на граѓани бележат умерено зголемување на довербата од граѓаните наспроти резултатите од истражувањето во 2016 г. Довербата кон сите останати чинители, освен граѓанските организации (здруженија и фондации) кои се дел од граѓанскиот сектор е во опаѓање. Здруженијата и фондациите пак бележат незначително зголемување на довербата од 1,7 процентни поени. Довербата во црквите и верските заедници, потоа синдикатите и стопанските комори бележи умерено опаѓање, додека мало опаѓање бележи и довербата во организациите на работодавачи. Големото опаѓање на црквите и верските

[1] За потребите на оваа анализа, употребена е дефиницијата од Цивикус - Индексот на граѓанското општество во Македонија (МЦМС, 2009). Оваа дефиниција гласи „Граѓанското општество е дел од општествениот простор надвор од семејството, државата и пазарот, кој е создаден од страна на индивидуални и колективни акции, организации и институции заради постигнување заеднички интереси". Според оваа дефиниција, во граѓанското општество се опфатени здруженијата и фондациите, стопанските комори, организациите на работодавачите, синдикатите, политичките партии и верските заедници.

заедници, сепак не влијаеше на нивно поместување од врвот, т.е. тие ја уживаат највисоката доверба од сите чинители во граѓанскиот сектор.

*График 6 – Доверба во граѓанскиот сектор*




Најголеми поддржувачи на граѓанските организации (здруженија и фондации) т.е. оние кои имаат најголем степен на доверба се земјоделците (63,6%), потоа студентите со мнозинска доверба од 53,8% и вработени во приватниот сектор 45%. Што се однесува до довербата на симпатизерите на најголемите политички партии за граѓанските организации, значително помала е довербата кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и тоа 34,7%, во однос на онаа кај симпатизерите на СДСМ која е мнозинска и изнесува 55,4%.

### *Доверба во граѓанските организации по под-сектори на делување*

Довербата на граѓаните во граѓанските организации се разликува согласно под-секторите во кои тие делуваат. Во 2018 година, слично како во 2016 година, најголема доверба, граѓаните имаат во организациите кои делуваат на полето на социјална грижа, хуманитарните организации, по нив следат оние кои делуваат на полето на животна средина и природа, и на трето место од понудените под-сектори се организациите кои работат на човекови права, жени и родови прашања. Најмала доверба уживаат организациите кои делуваат во полето на меѓуетнички односи и развој на граѓанското општество.

*Табела 4. Доверба во подсекторите на граѓански организации (%)*

| Под-сектор | Има 2018 | Нема 2018 | БО/НЗ 2018 | Има 2016 | Нема 2016 | БО/НЗ 2016 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Демократија и владеење на право** | 39,5 | 50,5 | 10 | 40,7 | 52,1 | 7,2 |
| **Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп и ЛГБТ)** | 45,4 | 43,7 | 11 | 43,3 | 41,4 | 15,3 |
| **Жени и родови прашања** | 45,4 | 41,7 | 12,9 | 47,6 | 45,2 | 7,2 |
| **Животна средина и природа (екологија)** | 46,4 | 44,3 | 9,3 | 49,3 | 44,2 | 6,5 |
| **Меѓуетнички односи** | 33,7 | 55,8 | 10,5 | 36,4 | 56,3 | 7,3 |
| **Социјална грижа, хуманитарни** | 48,5 | 44,2 | 7,3 | 48,3 | 46,3 | 5,4 |
| **Развој на граѓанско општество** | 36,1 | 51,7 | 12,2 | 36,9 | 53,9 | 9,2 |

### *2.1.3.2 Познавање и ставови за граѓанските организации*

**Ставови за граѓанските организации**

Истражувањето на довербата на граѓаните во граѓанското општество, вклучува и можност за подлабинско согледување на ставовите на граѓаните во врска со граѓанските организации. Растот во довербата во граѓанските организации (здруженија и фондации), иако е незначителен сепак е проследен со подобрени ставови споредено со оние кои граѓаните ги имале во 2016 година. Имено, во 2018 година малцинство од граѓаните (38,3 %) сметаат дека се основани и дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци. Малото малцинство (27,3%) од граѓаните кои сметаат дека организациите се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес, упатува на значително опаѓање на довербата наспроти 2016 г.

*График 7 – Ставови за работата на граѓанските организации (%)*




*Табела 5. Ставови за работата на граѓанските организации за периодот 2015-2018 г. (%)*

| Ставови | 2018 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Граѓанските организации се основани и дејствуваат за остварување на лични интереси на поединци** | 38,3 | 42,6 | 36,4 |
| **Граѓанските организации се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес** | 27,3 | 43,8 | 33,8 |

Во поглед на ставовите на граѓаните за врската меѓу политичките партии и граѓанските организации, се помалку граѓани споредено со 2016 година, сметаат дека политичките партии и лидери кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат ги осудуваат како блиски на другата страна (32,3%). Потоа, мало малцинство (20,9%) сметаат дека политичките партии и лидери основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници. Меѓутоа, и покрај овие позитивни намалувања во ставовите на граѓаните за политичките партии истовремено, намален е и бројот на граѓани кои сметаат дека политичките партии ги почитуваат граѓанските организации и водат сметка за нивните ставови (11,6%).

*График 8– Ставови за политичките партии (%)*



*Табела 6. Ставови за политичките партии за периодот 2015-2018 г. (%)*

| Ставови | 2018 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Политичките партии основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници** | 20,9 | 25,6 | 23,9 |
| **Политичките партии кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна** | 32,3 | 38,3 | 24,4 |
| **Политичките партии ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и вклучуваат во носењето на одлуки на национално и локално ниво** | 11,6 | 18,6 | 11,3 |

Ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци се слични во поглед на интеракцијата меѓу политичките партии и граѓанските организации. Разлики се јавуваат кај симпатизерите на различните политички партии. Симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ веруваат дека политичките партии основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници, значително повеќе наспроти ДУИ и СДСМ. Слично симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ не веруваат дека политичките партии ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето на одлуки на национално и локално ниво, наспроти симпатизерите на СДСМ.

*Табела 7. Ставови за политичките партии кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО, СДСМ и ДУИ (%)*

| Ставови | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Политичките партии основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници** | 21,6 | 18,5 | 30,1 | 16,9 | 20,8 | 20,9 |
| **Политичките партии кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна** | 30,6 | 35,1 | 32,9 | 30,3 | 27,8 | 32,3 |
| **Политичките партии ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и вклучуваат во носењето на одлуки на национално и локално ниво** | 13,6 | 6,3 | 5,8 | 21 | 11,1 | 11,6 |

Во поглед на ставовите на граѓаните за работата на организациите, во 2018 г. забележана е најниска доверба дека граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро. Мало малцинство пак (29,1%) од граѓаните сметаат дека се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро. Малцинство од граѓаните (37,2%) сметаат дека граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси. Делот на граѓани кои верува дека тие се организирани за странски интереси се намалува споредено со растот во 2016 г.

*График 9 – Ставови за работата на граѓанските организации (%)*




*Табела 8. Ставови за работата на граѓанските организации н за периодот 2015-2018 г. (%)*

| Ставови | 2018 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси** | 37,2 | 42,4 | 33,3 |
| **Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро** | 29,1 | 44 | 35,3 |

Поголем дел од испитаниците етнички Албанци (57,1%) сметаат дека граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси, што е мнозинско и значително повисоко од етничките Македонци (37,3%). Во поглед на тоа дали граѓанските органиазции се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заеднички општо добро, поголем е бројот на етнички Македонци кои се солгасуваат со овој став. Во поглед на симпатизерите на политички партии, постојат значителни разлики. Имено, симпатизерите на ДУИ имаат значително повеќе согласност со ставот дека граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси наспроти симпатизертите на ВМРО-ДПМНЕ и СДСМ. Симпатизерите на СДСМ пак, значително се издвојвуаат во поддршка на ставот дека граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро.

*Табела 9. Ставови за работата на граѓанските организации кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО, СДСМ и ДУИ (%)*

| Ставови | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси** | 37,3 | 57,1 | 30,3 | 34,7 | 50 | 37,2 |
| **Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро** | 32 | 21,6 | 18,5 | 40,5 | 19,4 | 29,1 |

Во поглед на ставовите на граѓаните, во 2018 г., за прв пат мнозинство од граѓаните (55,1%) сметаат дека организациите дејствуваат нетранспарентно и не даваат јавен отчет за својата работа и финансии. Негативниот став за транспарентноста и отчетноста на граѓанските организации е највисок досега.

*График 10 – Ставови за работата на граѓанските организации (%)*




*Табела 10. Ставови за работата на граѓанските организации за периодот 2015-2018 г. (%)*

| Ставови | 2018 | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Граѓанските организации дејстуваат нетранспарентно и не даваат јасен отчет за својата работа и финансии** | 55,1 | 49,3 | 35,3 |
| **Граѓанските организации дејстуваат транспарентно и даваат јасен отчет за својата работа и финансии** | 31,5 | 30,9 | 20,9 |

Во поглед на ставовите на етничките Македонци и етничките Албанци за работата на граѓанските организации, нема значителни разлики, во поглед на транспарентноста и отчетноста за нивната работа и финансии. Во поглед на ставовите на симпатизерите на политичките партии пак, поголем дел од подржувачите на ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека граѓанските организации дејстуваат нетранспарентно и не даваат јасен отчет за својата работа и финансии, додека пак спротивно симпатизерите на СДСМ во најголема мера сметаат дека дејстуваат транспарентно и даваат јасен отчет за својата работа и финансии.

*Табела 11. Ставови за работата на граѓанските организации кај етничките Македонци и кај етничките Албанци, како и кај симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ, СДСМ и ДУИ (%)*

| Ставови | Етн. Мак | Етн. Алб | ВМРО-ДПМНЕ | СДСМ | ДУИ | Вк |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Граѓанските организации дејстуваат нетранспарентно и не даваат јасен отчет за својата работа и финансии** | 53 | 59,9 | 62,4 | 51,8 | 56,9 | 55,1 |
| **Граѓанските организации дејстуваат транспарентно и даваат јасен отчет за својата работа и финансии** | 33,7 | 27 | 27,7 | 37,9 | 33,3 | 31,5 |

Приближно половина од испитаниците (47,3%) сметаат дека граѓанските организации имаат влијание во општеството, додека 40,1% пак сметаат дека влијаат во креирањето на јавните политики. Во поглед на фокусот на делување на граѓанските организации, мнозинството (51,7%) од граѓаните не се согласуваат дека ги задоволуваат итните општествени потреби. Сепак, според 45,5% од испитаниците организациите обезбедуваат услуги од општествени потреби. Скоро половина 45,5% сметаат дека организациите ги оспособуваат граѓаните, додека 42% сметаат дека се отворени за граѓаните и дека ги информираат.

*График 11 – Ставови за работата на граѓанските организации*




**Познавање на граѓанските организации**

Истражувањето опфати и општо познавање на граѓанските организации, познавање на организации кои работат во специфични области и препознавање на вкупно четириесет и седум граѓански организации. Мнозинството граѓани (61,2%) не наведуваат примери на успешни граѓански организација што придонесуваат кон позитивни општествени вредности.

Првите 10 граѓански организации за кои граѓаните препознаваат дека даваат придонес во решавање на општествените приоритети се: ФИООМ, ХКЧП, Меѓаши, Анима Мунди, ХЕРА, Цивил, МЦМС, Полио плус, ИДСЦС и ЗНМ.

*График 12 – Топ 10 препознаени успешни организации*




Меѓаши во континуитет низ годините се задржува на врвот, во првите пет препознаени граѓански организации. За првпат оваа година, препознаени се и организации кои работат на човекови права и маргинализирани групи во првите десет (Хера и ХКЧП), како и организација посветена на правата на животните (Анима Мунди).

*Табела 12. Први пет препознаени успешни граѓански организации*

| Први пет препознаени како успешни граѓански организации (кои придонесуваат кон решавање на општествените проблеми) |
|---|
| 2018 - ФИООМ, ХКЧП, Меѓаши, Анима Мунди, ХЕРА |
| 2016 - Црвен крст, Мост, Еко герила , Калири, Меѓаши |
| 2015 - Црвен крст, Меѓаши, Ел хилал, Мост, СОС Детско Село |
| 2013 – Црвен крст, Мост, Меѓаши, Ел хилал, СОС Детско село |

Познавањето граѓански организации кои дејствуваат во девет области е истражувано барајќи од испитаниците спонтано да наведат три организации кои придонесуваат во соодветните области. Истражувано беше познавањето на граѓанските организации, кои дејствуваат во областите: Борба против сиромаштијата; Економски развој, вработување и развој на малите и средни претпријатија; Локалниот и руралниот развој; Развој на демократијата и владеење на правото; Заштита на човековите права; Борба против корупцијата; Јакнење на граѓанското општество; Градењето мултикултурно општество; и Промовирањето на родова еднаквост и рамноправност. Истражувањете опфати педесет организации кои дејствуваат на регионално или на национално ниво во повеќе сектори. Граѓаните беа запрашани поединечно за секоја од организациите за општата информираност (слушнале), за познавањето (знаат) и за нивното мислење за овие организации (позитивно/ негативно).

Општата информираност на граѓаните измерена преку одговорите сум слушнал/а е значително поголема од познавањето на сите испитувани граѓански организации. Препознавањето од страна на граѓаните е мнозинско единствено во случајот на ФООМ, додека скоро половина ги познаваат ХКЧП и Меѓаши. Во поглед на познавањето на организациите пак,  се преполовува процентот на граѓани кои ги знаат организациите.

*График 13 – Познавање/препознавање на организации*



Граѓаните главно имаат позитивно мислење за граѓанските организации. Појавата на негативно мислење за прашаните 50 граѓански организации главно е застапена за незначително или мало малцинство на организации. Сепак, малцинство од организации (8%) имаат негативни ставови за организации од 31-50%. Меѓу нив е и ФООМ, која организација истовремено е и единствен случај во кој доминираат негативните мислења на граѓаните за организацијата, или 41,1% негативно наспроти 38,4 позитивно мислење. Оваа појава е разбирлива имајќи предвид дека во изминатиот период ФООМ беа честа цел на напади и негативни медиумски кампањи од страна на поранешни високи функционери во земјата.

*График 14 – Однос на позитивни наспроти негативни ставови за одредени граѓански организации (редоследот на организациите во графиконот е според вредноста на односот позитивно/ негативно мислење)*



Испитаниците имаа можност да наведат и кои организации ги препознаваат како активни во специфични под-области. Главно, граѓаните препознаваат организации кои работат во областа на заштита на човековите права (34,8%), и развој на демократијата и владеење на правото (30,2%). Најголем број на различни организации кои се препознаени од над 2 % од граѓаните се во развојот на демократијата и владеење на правото (пет организации) и јакнење на граѓанското општество (четири организации).

*Табела 12. Препознаени успешни граѓански организации по области (%)*

| Области | Организации | Друга | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|
| **Борба против сиромаштијата** | ФООМ (2,7); МЦМС (2,1); | 18,3 | 56,2 | 11,6 |
| **Економски развој, вработување и развој на малите и средни претпријатија** | МЦМС (2,0); | 4,6 | 73,3 | 11,4 |
| **Локалниот и во руралниот развој** | МЦМС (2,8); ФРЛЗ Штип (2,0) | 2,4 | 73,0 | 11,4 |
| **Развој на демократијата и владеење на правото** | ХКЧП (9,0); ФООМ (4,4); МЦМС (3,2); ЦИВИЛ (2,7); ИДСЦС (2,5); | 3,9 | 56,1 | 9,8 |
| **Заштита на човековите права** | ХКЧП (17,7); Меѓаши (4,1) | 2,6 | 53,3 | 9,3 |
| **Борба против корупцијата** | ХКЧП (2,4); ФООМ (2,0); | 7,1 | 68,7 | 13,9 |
| **Јакнење на граѓанското општество** | ФООМ (6,3); МЦМС (3,5); ЦИВИЛ (3,0); ХКЧП (2,5); | 3,0 | 61,8 | 11,6 |
| **Градењето мултикултурно општество** | МЦМС (2,9); ФООМ (2,7); | 1,3 | 69,5 | 13 |
| **Промовирањето на родова еднаквост и рамноправност** | ХКЧП (2) | 3,3 | 71,2 | 12,4с |

Истражувањето вклучува и прашања кои се однесуваат на перцепцијата на граѓаните за можностите за вклучување во работата на граѓанските организации кои работат во нивната локална средина и ја анализира компатибилноста на потребите на граѓаните и активностите на граѓанскиот сектор. Граѓаните во најголема мера (60%) не знаат и не одговараат на прашањето да посочат организациски облик на здружување кој придонесува за личните потреби на граѓаните. Од оние граѓани кои знаат, сметаат дека најмногу придонесуваат политичките партии (21,1%), додека на второ место се граѓанските организации (11,1%) и по нив следат цркви и верски организации (6,1%). Меѓутоа во поглед на придонесот за потребите на заедницата, мнозинството граѓани (60,4%) се определиле за одреден организациски облик на здружување и тоа го следи истиот образец, т.е. 39,2% политичките партии и 14,8% граѓански организации.

*График 15. Организациски облици кои придонесуваат најмногу за поддршка на потребите на граѓаните*




*График 16. Организациски облици кои придонесуваат најмногу за поддршка на потребите на заедницата*




Слично на претходните анализи, големо мнозинство на граѓани не слушнале (80,4%) за организација од своето опкружување која редовно ги вклучува членовите, целната група и општо граѓаните во процесот на утврдување на приоритетите за работа на соодветната организација.

*График 17. Познавање на организација од опкружување која редовно ги вклучува сите во утврдувањето на приоритетите за својата работа*



# Заклучоци

## Доверба во луѓе и институции

- **Општата доверба во луѓето се уште е мнозинска** со незначителни промени споредено со минатите години.
- Потребата на луѓето да бидат в**нимателни во интеракцијата со другите бележи големо зголемување.** Големо мнозинство на граѓани сметаат дека треба да се биде многу внимателен со други луѓе.
- **Умерено е зголемена довербата во соседите и сонародниците**, наспроти **падот на довербата во колегите**.
- **Најголема доверба од страна на граѓаните уживаат банките и финансиските институции**, потоа јавниот (државата) сектор и приватниот сектор. **Медиумите** се единствениот сектор кој бележи **умерен раст на довербата** споредено со минатите години. Постојат разлики  во довербата на различни институции меѓу етничките Македонци кои имаат поголема доверба во државата и банките и финансиските институции, наспроти етничките Албанци кои најмногу веруваат во приватниот сектор и меѓународната заедница.
- **Довербата на граѓаните не е зголемена** во ниту една од **државните институции** кои се предмет на анализа. Граѓаните имаат мнозинска и најголема доверба во Армијата и Полицијата, додека најмалку доверба уживаат Државната комисија за спречување корупција и судовите. Постојат значителни разлики во довербата во државните институции меѓу етничките Македонци и етничките Албанци.
- **Довербата на граѓаните во чинителите на меѓународната заедница е се уште мнозинска**, и **запрен е опаѓачкиот тренд** кој започна во 2015 година. Етничките Албанци имаат значително повеќе доверба во сите чинители на меѓународната заедница во поглед на етничките Македонци како и симпатизерите на ДУИ и СДСМ во однос на симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕкај кои е најниска довербата во меѓународната заедница.

## Доверба во граѓанско општество

- **Интензитетот на опаѓачкиот тренд на довербата во граѓанското општество кој започна во 2015 г. е намален.** Сепак, довербата во граѓанското општество незначително опадна во 2018 година и е на најниско ниво досега.
- **Довербата на граѓаните единствено е мнозинска кај црквите и верските заедници, а веднаш по нив следат здруженија и фондациите како и неформалните групи на граѓани.** Од сите чинители на граѓанското општество, единствено неформалните организирања бележат умерено зголемување на довербата.
- **Највисока доверба уживаат организациите кои даваат социјална грижа, делуваат на полето на заштита на животната средина, човековите права, жените и родовите прашања.**
- **Преовладува позитивното мислење на граѓаните за здруженијата и фондациите и покрај немнозинската доверба.**
- **Мало малцинство граѓани сметаат дека организациите дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес и за остварување на заеднички општо добро.** Овие ставови се совпаѓаат со неможноста на мнозинство граѓани да посочат организациски облик на здружување кој придонесува за личните

потреби на граѓаните и на потребите на заедницата. Оние кои можат, прво ги посочуваат политичките партии а потоа граѓанските организации.

- **Мнозинството граѓани не можат да наведат пример на успешни граѓански организации што придонесуваат кон позитивни општествени вредности.**
- **Најпрепознаени од страна на граѓаните се организациите кои работат во областа на заштита на човековите права и развојот на демократијата и владеење на правото.**

# Прилози

## Прилог 1 – Прашалник[2]

### 1. ДОВЕРБА и вредности (Д)

#### 1.1. Доверба

П 1. (д 1) Општо земено, дали може да им се верува на повеќето од луѓето или треба да се биде многу внимателен со нив?

1 - Може да им се верува на повеќето од луѓето

2 - Треба да се биде многу внимателен

99 - Не знам (НЗ) (НЕ ЧИТАЈ)

0 - Без одговор (БО) (НЕ ЧИТАЈ)

П 2. Колку доверба имате:

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Општо во луѓето | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Во соседите | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Во колегите на работа | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Во непознати (туѓинци) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Во земјаци (сограѓани) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

П 3. Колку доверба имате во секој од следниве сектори?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Јавниот сектор (државата) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Приватниот (бизнис/деловен) сектор | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанско општество (НВО, синдикати, цркви) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Политичките партии | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Медиумите | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Меѓународната заедница | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Банки и финансиски институции | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

П 4. Наведете колку доверба имате во секоја од следниве институции/организации:

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Претседател на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Собрание на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Влада на Република Македонија | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Единици на локална самоуправа (општини) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Јавно обвинителство на РМ | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Судови | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Армија на Република Македонија (АРМ) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Полиција | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Државна комисија за спречување на корупцијата | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Специјално јавно обвинителство | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Совет за радиодифузија) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Државна изборна комисија | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

[2] Во прашалникот, изоставени се дел од прашањата кои не се предмет на анализа.

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓански организации (невладини, здруженија и фондации) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Цркви и верски заедници | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Синдикати | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Стопански комори | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Организации на работодавачи | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Неформални групи (здружувања) граѓани | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

П 5. Наведете колку доверба имате во поединечните институции од меѓународната заедница?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Европска Унија | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Обединети Нации | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| НАТО | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| ОБСЕ (Организација за безбедност и соработка во Европа) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

П 6. Колку доверба имате во граѓанските организации кои делуваат во една од следниве области?

| | Целосна доверба | Делумна доверба | Делумна недоверба | Целосна недоверба | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Демократија и владеење на правото | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Човекови права (деца, стари лица, лица со хендикеп, ЛГБТИ) | | | | | | |
| Жени и родови прашања | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Животна средина и природа (екологија) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Меѓуетнички односи | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Социјална грижа, хуманитарни | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Развој на граѓанското општество | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

П 7. Колку се согласувате со следните изјави

| | Се согласувам | Делумно се согласувам | Не се согласувам | Воопшто не се согласувам | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Граѓанските организации дејствуваат транспарентно и даваат јавен отчет за својата работа и финансии | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации се отворени за граѓаните и ги информираат граѓаните | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации ги оспособуваат граѓаните (едукација и оспособување) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации обезбедуваат услуги за општествените потреби (образование, здравство, домување) | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации работат на задоволување на итните општествени потреби | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации имаат влијание во општеството | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |
| Граѓанските организации имаат влијание во креирањето на јавните политики | 1 | 2 | 3 | 4 | 99 | 0 |

**1.2. Ставови за граѓанското општество**

П 8. Со која од следните изјави се согласувате:

1 - Граѓанските организации се организирани од страна на граѓаните со цел да се оствари заедничко општо добро.
2 - Граѓанските организации се организирани и финансирани од странски држави и нивни фондации само за да им служат ним, на странските интереси.
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П8а. Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава)

______________________________________________________________

П 9. **Со која од следните изјави се согласувате:**

1 - Граѓанските организации се основани и дејствуваат за да остваруваат јавен и/или поширок интерес.
2 - Граѓанските организации се основани и дејствуваат за остварување на личните интереси на поединци.
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П9а. Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава)

_________________________________________________________________

П 10. **Со која од следните изјави најмногу се согласувате**, (еден одговор)

Политичките партии и лидери...

1 - Ги почитуваат и водат сметка за ставовите на граѓанските организации и ги вклучуваат во носењето одлуки на национално и локално ниво.
2 - Кога имаат партиски интереси ги присвојуваат ставовите на граѓанските организации, а кога немаат интерес ги осудуваат како блиски на другата страна.
3 - Основаат граѓански организации зад кои се кријат и ги користат како свои гласноговорници
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П10а. Наведете пример (Се наведува пример за избраната изјава)

____________________________________________________________________

П 6. Наведете една или повеќе успешни граѓански организации (кои придонесуваат кон позитивни општествени вредности) (активни, постигнуваат резултати и сл.) кои ги познавате:

| |
|---|
| 99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ) |
| 0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ) |

П 7. За секое од долу наведените подрачја, наведете по три организации во Македонија, кои според вашето мислење придонесуваат во решавање на општествените приоритети:
ПОКАЖИ КАРТИЧКА ! За секој нареден испитаник менувајте го редоследот на секциите кои ги читате!

| | | НЗ | БО |
|---|---|---|---|
| | Борба против сиромаштијата: | 99 | 0 |
| | Економски развој, вработување и развој на малите и средни претпријатија: | 99 | 0 |
| | Локалниот и во руралниот развој: | 99 | 0 |
| | Развој на демократијата и владеење на правото: | 99 | 0 |
| | Заштита на човековите права: | 99 | 0 |
| | Борба против корупцијата: | 99 | 0 |
| | Јакнење на граѓанското општество: | 99 | 0 |
| | Градењето мултикултурно општество: | 99 | 0 |
| д 2 | Промовирањето на родова еднаквост и рамноправност: | 99 | 0 |

П 8. Кој од следниве облици на здружување најмногу придонесува за поддршка на вашите потреби?

1 - Цркви и верски организации
2 - Синдикати
3 - Политички партии
4 - Граѓански организации (невладини, здруженија, фондации)
__________________________________
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П 9. Кој од следниве облици на здружување најмногу придонесува за поддршка на потребите на заедницата?

1 - Цркви и верски организации
2 - Синдикати
3 - Политички партии
4 - Граѓански организации (невладини, здруженија, фондации)
__________________________________
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П 10. Дали сте слушнале за организација во вашето опкружување која редовно ги вклучува членовите, целната група и општо граѓаните во процесот на утврдување на приоритетите за работа на соодветната организација:

1 - Не
2 - Да
99 - Не знам (НЕ ЧИТАЈ)
0 - Без одговор (НЕ ЧИТАЈ)

П19а. Ако да, која организација/организации? ________________________________________

## ДЕМОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

П 11. Пол

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 - Машки | 2 - Женски | 3 - Друго | 0 – не сака да одговори |

П 12. Возраст _____ години

П 13. (дм 1) Етничка припадност

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 - Македонец/ка | 3 - Турчин/ка | 5 - Србин/ка | 7 - Бошњак/чка |
| 2 - Албанец/ка | 4 - Ром/ка | 6 - Влав/инка | 8 - Друго |
| 0 - Не сака да одговори | | | |

П 14. Религиска припадност

| | |
|---|---|
| 1 - Православна | 3 - Католичка |
| 2 - Исламска | 4 - Друга |
| 0 - не сака да одговори | |

П 15. Без разлика дали припаѓате на одредена религија, дали сметате дека сте:

| | |
|---|---|
| 1 - Религиозна личност | 3 - Атеист |
| 2 - Нерелигиозна личност | 0 - не сака да одговори |

П 16. Работен статус

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 - Вработен во јавен сектор | 3 - Вработен во граѓански сектор | 5 - Ангаржиран/а во домашни обврски, | 7 - Пензионер | 8 - Земјоделец |
| 2 - Вработен во приватен сектор | 4 - Студент | 6 - Невработен | 9 - Друго | 0 - не сака да одговори |

П 17. Понекогаш луѓето се опишуваат себеси дека припаѓаат на различни класи. дали би се опишале себеси дека припаѓате на:

1 - Висока класа
2 - Повисока средна класа
3 - Пониска средна класа
4 - Работничка класа
5 - Пониска класа
99 - Не знам
0 - Без одговор

П 39. Завршено образование

| | |
|---|---|
| 1 - Незавршено основно | 2 - Основно |
| 3 - Средно | 4 - Вишо, високо |
| 5 – Магистерски студии | 6 – Докторски студии |
| 0 – не сака да одговори | |

П 40. Приходи. Ве молиме одредете го соодветниот износ на месечни примања по член на домаќинство, сметајќи ги сите приходи на Вашето семејство (плати, пензии, хонорари): __________

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1 – без приходи | 4 - 9001 – 12.000 ден. | 7 - 18.001 – 24.000 ден. | 11 - 40.001 – 50.000 ден. | 98. Не знае |
| 2 – 1 - 6000 ден. | 5 - 12.001 – 15.000 ден. | 8 - 24.001 – 30.000 ден. | 12 - 50.001 – 60.000 ден. | 99. Одбива да одговори |
| 3 - 6001 – 9000 ден. | 6 - 15.001 – 18.000 ден. | 10 – 30.001 – 40.000 ден. | 13. – 60.000+ ден. | |

П 18. Во политичка смисла, луѓето зборуваат за „лева" и „десна" ориентираност (левица/десница). Каде вие со вашите уверувања и ставови би се нашле на следнава скала?

| Лево | | | | | Десно | | | | | НЗ | БО |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 99 | 0 |

П 19. На која политичка партија сте симпатизер? (не се читаат партиите)

______________________________

П 20. Дали членувате во граѓанска организација (невладина, НВО)?

| | | |
|---|---|---|
| 1 - Да | 2 - Не | 0 – без одговор |

П 21. (дм 2) Место на живеење

| | | |
|---|---|---|
| 1 - Рурално (село) | 2 - Урбано (град) | 3 - Скопје |

П 22. Плански регион

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 - Скопски | 2 - Југоисточен | 3 - Источен | 4 - Североисточен |
| 5 - Вардарски | 6 - Југозападен | 7 - Полошки | 8 - Пелагониски |

П 23. Општина – ИМЕ: ____________________________________________________

## Прилог 2 – Карактеристики на примерок

Примерокот опфати 1000 испитаници. Популациската рамка на примерокот беше население постаро од 18 години, а критериуми за репрезентативност беа: пол, возраст, етничка припадност, регион и место на живеење.

| Пол | % |
|---|---|
| Маж | 49,8 |
| Жена | 50,2 |
| Возраст | % |
| 18-29 години | 25,0 |
| 30-39 години | 19,5 |
| 40-49 години | 17,9 |
| 50-64 години | 23,7 |
| Над 65 години | 13,9 |
| | |
| Етничка припадност | % |
| Македонец/ка | 71,3 |
| Албанец/ка | 22,2 |
| Турчин/ка | 2,1 |
| Ром/ка | ,5 |
| Србин/ка | 1,2 |
| Влав/инка | ,2 |
| Бошњак/чка | ,7 |
| Друго | 1,6 |
| Не сака да одговори | ,2 |

| Припадност на религија | % |
|---|---|
| Православна | 72,4 |
| Исламска | 25,2 |
| Католичка | ,5 |
| Друга | ,3 |
| Не сака да одговори | ,6 |
| Религиозност | % |
| Религиозна личност | 83,0 |
| Нерелигиозна личност | 14,8 |
| Атеист | ,5 |
| Не сака да одговори | 1,7 |
| Работен статус | % |
| Вработен во јавен сектор | 15,9 |
| Вработен во приватен сектор | 30,7 |
| Земјоделец | 2,2 |
| Студент | 7,8 |
| Ангаржиран/а во домашни обврски | 8,2 |
| Невработен | 18,9 |
| Пензионер | 15,2 |
| Друго | ,4 |
| Не сака да одговори | ,4 |
| Вработен во граѓански сектор | ,3 |

| Социјален статус (самоперцепција) | % |
|---|---|
| Висока класа | 2,1 |
| Повисока средна класа | 21,7 |
| Пониска средна класа | 34,9 |
| Работничка класа | 26,5 |
| Пониска класа | 10,3 |
| Не знам | 1,9 |
| Без одговор | 2,6 |

| Месечни приходи по член на домаќинство | % |
|---|---|
| Без приходи | 1,2 |
| 1 - 6000 ден. | 2,4 |
| 6001 – 9000 ден. | 2,0 |
| 9001 – 12.000 ден. | 6,5 |
| 12.001 – 15.000 ден. | 6,6 |
| 15.001 – 18.000 ден. | 4,1 |
| 18.001 – 24.000 ден. | 11,7 |

| Образование | % |
|---|---|
| Незавршено основно | 1,4 |
| Основно | 14,4 |
| Средно | 52,9 |
| Вишо/ високо | 26,8 |
| Магистерски студии | 3,9 |
| Докторски студии | ,1 |
| Не сака да одговори | ,5 |
| **Место на живеење** | **%** |
| Рурално (село) | 39,0 |
| Урбано (град) | 38,0 |
| Скопје | 23,0 |

| | |
|---|---|
| 24.001 – 30.000 ден. | 21,1 |
| 30.001 – 40.000 ден. | 17,2 |
| 40.001 – 50.000 ден. | 10,3 |
| 50.001 – 60.000 ден. | 3,9 |
| 60.000+ ден. | 2,3 |
| Не знае | 2,5 |
| Одбива да одговори | 8,2 |

| Членство во граѓанска организација | % |
|---|---|
| Да | 6,1 |
| Не | 98,2 |

| Политичка ориентација | % |
|---|---|
| 1-Лева | 16,7 |
| 2 | 1,6 |
| 3 | 5,1 |
| 4 | 5,0 |
| 5 | 18,3 |
| 6 | 3,3 |
| 7 | 3,3 |
| 8 | 4,3 |
| 9 | 1,6 |
| 10-Десна | 11,6 |
| Не знам | 8,8 |
| Без одговор | 20,4 |
| **На која политичка партија сте симпатизер (спонтано)?** | **%** |
| ВМРО-ДПМНЕ | 17,3 |
| СДСМ | 19,5 |
| ДУИ | 7,2 |
| БЕСА | 1,2 |
| Алијанса за Албанците | 1,1 |
| Левица | ,4 |
| ДПА | ,2 |
| Други | 1,7 |
| Независен кандидат | 6,6 |
| Нема да гласам | 17,0 |
| Не знае/Без одговор | 27,8 |

| Регион | % |
|---|---|
| Скопски | 32,0 |
| Југоисточен | 8,0 |
| Источен | 9,0 |
| Североисточен | 8,0 |
| Вардарски | 8,0 |
| Југозападен | 10,0 |
| Полошки | 13,0 |
| Пелагониски | 12,0 |

# Профил на МЦМС

МЦМС веќе 25 години е значаен актер на граѓанското општество во Македонија и во регионот, заснован на вредности и интереси и нивно застапување и влијание врз општеството. Визијата на МЦМС е мир, хармонија и просперитет на луѓето во Македонија, на Балканот и глобално. За исполнување на визијата, МЦМС ја дефинира својата мисија да предводи промени со нови и алтернативни решенија на општествените проблеми, кои влијаат на другите чинители и кои се вклучуваат во главните текови.

МЦМС дејствува во секторите на развој на граѓанското општество, добро владеење (антикорупција), социјална инклузија, евроинтеграции и миграции. Од 1993 г. МЦМС спроведе повеќе од 65 програми со реализирани преку 1.650 проекти и вкупен буџет од над 60 милиони евра. Повеќе информации за МЦМС: www.mcms.mk.

# Продолжи со читање

**Листа на публикации на МЦМС:** http://www.mcms.org.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/345-lista-na-istrazuvana-i-publikacii.html

**Листа на поврзани публикации**

- Стојанова, Даниела (2015) „Довербата во граѓанското општество“
- Нурединоска, Емина, Кржаловски, Александар, Стојанова, Даниела (2013) „Довербата во граѓанското општество-2013“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1436-doverbata-vo-gragjanskoto-opstestvo-2013.html
- Клековски, Сашо, Стојанова, Даниела, Јаковлеска, Гонце, Нурединоска Емина (2011) „Долг пат до поголем граѓански ангажман – Аналитички извештај“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/1140-dolg-pat-do-pogolem-graganski-angazman-izvestaj.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, (2008) „Довербата во граѓанското општество“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/551.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, (2007) „Довербата во граѓанското општество“, - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/567.html
- Клековски, Сашо, Кржаловски, Александар, Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце , (2006) „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија“, - https://mcms,mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/istrazuvana/642-doverba-odgovornost-opstestveni-prasanja-dobrotvorstvo,html
- Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо, Чилевалиев, Стефан, Михаиловска, Јасмина (2018) – „АГРУМЕНТИ – Збирка истражувања на важни општествени теми“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2038-agrumenti--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestveni-temi.html
- Саздовска, Сунчица, Јаковлеска, Гонце, Кржаловски, Александар, Клековски, Сашо (2018) - „АГРУМЕНТИ 2 – Збирка истражувања на важни општествени теми“ - https://mcms.mk/mk/za-nasata-rabota/istrazuvana-i-publikacii/lista-na-istrazuvana-i-publikacii/2141-agrumenti-ii--zbirka-istrazhuvanja-na-vazhni-opshtestveni-temi.html